РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-6789/2
07-06-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 87-та седница одржана на 01.06.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-6789/1 од 05.07.2022 година, со наводи за бесправно градење на објект и стекнување на противправна имотна корист, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што за случајот постапувале други надлежни органи кој донеле акти во рамките на своите надлежности.

Предметот со број 12-6789/1 од 05.07.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 05.07.2022 година, поднесена е пријава со наводи за бесправно градење на објект и стекнување на противправна имотна корист и оформен е предмет број 12-6789/1 од 05.07.2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека во зградата во која што живее во општина Гази Баба, во текот на 2003 година од страна на дел од станарите бесправно бил изграден кат при што противправно била стекната имотна корист преку фалсификување на потписи и издадена градежна дозвола од Општина Гази Баба без исполнување на законски предвидените услови. Во прилог на пријавата меѓу другото доставува жалба до Европски суд за човекови права поднесена во 2012 година во која е наведено дека за предметниот случај била водена управна постапка пред Врховниот суд на РМ и парнична постапка за надомест на штета пред Основниот граѓански суд Скопје, Апелациониот суд Скопје и Врховниот суд на РМ.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека по наводите постапувале други надлежни органи – Основниот граѓански суд Скопје, Апелациониот суд Скопје и Врховниот суд кој донеле соодветни акти во рамки на своите надлежности, а била поведена постапка и пред Европски суд за човекови права, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.М.Ј.
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Катица Николовска**